Врз основа на член 20 став 1 алинеја 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а во врска со членовите 196-г, 196-ѓ и 196-е од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06; 136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14; 30/14; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16, 136/16 и 142/16), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 7 септември 2016 година, донесе

# ПРОЦЕДУРА НА ПОСТАПУВАЊЕ

**при мониторингот на изборното медиумско претставување**

**за Предвремените парламентарни избори што ќе се одржат во 2016 година**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Начинот на реализација на надзорот над изборното медиумско претставување од страна на Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е детално разработен во Процедурата за квалитет - Надзор (мониторинг) врз програмите на радиодифузерите (ISO 9001:2008) бр.01-3296/1 од 7 мај 2015 година. Имајќи предвид дека според Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/16), во Агенцијата се формираше Привремена комисија која ќе врши мониторинг на спроведувањето на одредбите од Изборниот законик што се однесуваат на медиумското претставување и ќе дава предлози за поведување постапки врз основа на извештаите од Стручната служба на Агенцијата, со оваа процедура се уредува начинот на комуникација на Привремената комисија со Стручната служба и со директорот на Агенцијата, кој според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против радиодифузерите што не ги почитуваат законските одредби.

2. Со Процедурата се утврдуваат содржината на извештаите од надзорот на изборното медиумско претставување и роковите за нивно доставување од Стручната служба на Агенцијата, како и содржината на предлозите за постапување од Привремената комисија и роковите на нивно доставување до директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Целта на Процедурата е од една страна, да се обезбедат услови за непречена работа на Стручната служба на Агенцијата која треба да ги подготви извештаите од надзорот на радиодифузерите и на Привремената комисија која треба да врши мониторинг на спроведувањето на одредбите од Изборниот законик, да дава оценки за балансот во известувањето на радиодифузерите и да дава предлози за постапување на Агенцијата, а од друга страна да се обезбеди максимална ефикасност на процесот на надзор на изборното медиумско претставување.

## ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАИ

4. Во Процедурата за квалитет - Надзор (мониторинг) врз програмите на радиодифузерите (ISO 9001:2008) бр.01-3296/1 од 7 мај 2015 година, во третиот дел *5.4.3. Извештај за констатирано прекршување*, е предвидено дека писмен извештај од надзор се составува само доколку во текот на надзорот се констатира прекршување. Овој принцип ќе се применува за одредбите од Изборниот законик за кои прекршувањата може да се констатираат на дневна основа – членовите 75 став 3, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-б, и 77.

5. За почитувањето на обврските од член 75 (радиодифузерите треба да известуваат правично, избалансирано и непристрасно во својата вкупна програма) и член 75-б (известувањето за редовните активности на носителите на функции на власт не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на кој било политички субјект) за кои согласно Методологијата за

мониторинг, констатации не се извлекуваат на дневна основа, а имајќи ја предвид обврската на Привремената комисија да дава оценки за балансот во известувањето кај медиумите, за период не покус од 7 дена, 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ, почнувајќи од 2 септември 2016 година, за секој период од 10 дена, ќе се изработува поединечен извештај за радиодифузерите што емитуваат програма на државно ниво во кои предмет на надзор ќе бидат двете одредби.

6. За радиодифузерите на регионално и локално ниво, кои се опфатени во примерокот за мониторинг за време на периодот на изборна кампања, по завршување на изборите ќе се подготви само групен извештај за начинот на покривање на изборната кампања во сите облици на изборно медиумско претставување. За одредбите од Изборниот законик за кои прекршувањата може да се констатираат на дневна основа, и за нив ќе се подготвуваат поединечни извештаи за секоја ваква одредба од Изборниот законик, веднаш по констатирање на прекршувањето.

## СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАИТЕ

7. Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) ќе содржи податоци за следниве елементи:
   i. Вид надзор;
   ii. Субјект на надзорот;
   iii. Период опфатен со надзорот;
   iv. Датум на извршување на надзорот;
   v. Предмет на надзорот; и
   vi. Констатации од надзорот.

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ

8. Секторот за програмски работи ќе доставува по две печатени копии од извештаите во архивата на Агенцијата, една со имињата и своерачните потписи на лицата што учествувале во неговата изработка, а една без.

9. Архивата на Агенцијата, скенирана заверена електронска копија од извештајот без имињата и потписите на лицата што учествувале во неговата изработка, доставува до:
   - директорот на Агенцијата,
   - Секторот за правни и економско-финансиски работи,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи,
   - Секторот за програмски работи,
   - Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата (за да го објави извештајот на веб страницата на Агенцијата).

10. Директорот на Агенцијата, заверена копија од извештајот без имињата и потписите на лицата што учествувале во неговата изработка, со пропратно писмо ја доставува до:
    - членовите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување,
    - членовите на Советот на Агенцијата.

11. Имајќи предвид дека роковите за изработка на извештаите од страна на Секторот за програмски работи зависат од динамиката на мониторингот, капацитетот на човечките ресурси и техничките услови за работа (достапност на снимки од програмите на радиодифузерите и функционалност на компјутерите и софтверите за работа), извештаите ќе се доставуваат во архивата на Агенцијата, најдоцна два дена по датумот на извршување на надзорот.

12. Поединечните извештаи за секој период од 10 дена за радиодифузерите на државно ниво, треба да се доставаат најдоцна шестиот ден по истекот на десетдневниот период.

## ПРЕДЛОГ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ

13. Привремената комисија врз основа на Извештајот за извршен надзор (мониторинг) преку архивата, до директорот на Агенцијата, доставува потпишан предлог за постапување, најдоцна во рок од три дена од приемот на Извештајот.

14. Законските рокови за преземање мерки од член 76-в став 3 од Изборниот законик, започнуваат да течат во моментот на заверка на Предлогот од Привремената комисија во архивата на Агенцијата.

15. Предлогот за постапување од Привремената комисија ќе ги содржи следниве елементи:
    i. Целосен назив на програмскиот сервис на кој се однесува извештајот,
    ii. Одредбите што биле предмет на надзор и периодот во кој е спроведен мониторингот,
    iii. Архивски број на Извештајот на кој се однесува Предлогот,
    iv. Предлог за преземање или за непреземање мерка,
    v. Доколку се предлага преземање мерка се наведува која мерка,
    vi. Образложение зошто се предлага да се преземе, односно да не се преземе мерка,
    vii. Своерачни потписи од членовите на Привремената комисија.

16. Архивата на Агенцијата, скенирана заверена електронска копија од Предлогот на Привремената комисија, доставува до:
    - директорот на Агенцијата,
    - Секторот за правни и економско-финансиски работи,
    - Секторот за програмски работи,
    - Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата (за да го објави Предлогот на веб страницата на Агенцијата).

17. Секторот за правни и економско-финансиски работи за постапките што ќе се процесираат пред надлежните судови ќе побара од Секторот за информатичка поддршка и општи работи да подготви снимки како доказен материјал во евентуална судска постапка.

Бр. 01-4350/1

07.09 2016 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**